СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 31 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**ПЕДЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА – 31.III.1993**

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО | 41, 42 |
| 3. АЛИУ ЕШТРЕФ | 51 |
| 4. БОШКОВ ЈОРДАН | 62 |
| 5. ГОШЕВ ТУШЕ | 2, 65 |
| 6. ГОШЕВ ПЕТАР | 32, 33, 37, 45, 50 |
| 7. ДИМИТРОВА РАТКА | 24, 25, 26, 27, 37, 41, 64 |
| 8. ДИМОВСКА ДОСТА | 29 |
| 9. ЖУТА НЕЌИР | 4, 33 |
| 10. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ | 35, 36 |
| 11. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ | 60 |
| 12. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | 42, 43 |
| 13. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА | 54, 66 |
| 14. НИКОЛОВ ЈОВАН | 31 |
| 15. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН | 59 |
| 16. ПЕТКОВСКИ ТИТО | 39 |
| 17. ПОПОВСКИ КИРО | 55 |
| 18. ПЕТРОВ ТОДОР | 57 |
| 19. РАМАДАН ИСМЕТ | 49 |
| 20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 7 |
| 21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 48 |
| 22. СПИРОВСКИ АЦО | 52, 53, 54 |
| 23. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ | 55 |
| 24. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР | 54 |
| 25. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН | 56 |
| 26. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ | 67, 68 |
| 28. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО | 10 (МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ) 46, 61, 63 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ ЕЕЛЕШКИ

## Од 58-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутните пратеници.

На денешната седница присуствуваат 80 пратеници. Дами и господа пратеници

Ја отворам 58-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Никола Апостоловски и Душко Ѓорѓески ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За седницата се поканети: претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по -барање на Владата на Република Македонија, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и пратениците Ратка Димитрова и Билјана Лазаревска.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат: Законот за изменување на Законот за јавното обвинителство Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби и Одлуката за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 199 3 година.

Текстовите на законите и Одлуката ви се доставени.

Ве известувам дека по овие акти се уште заседава Законодавно-правната комисија.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија достави Предлог за донесување по итна постапка на Закон за ограничување на приходите за: финансирање на општите општествени и заеднички потреби во 1993. година, со Предлог на закон, кој не е содржан во предлогот на дневниот ред за седницата.

Текстот на о;вој закон ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на Законот за изменување на Законот за Јавното обвинителство.

Има збор министерот за правосудство господинот Туше Гошев,

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници,

Во смисла на членот 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавно обвинителство го предлагаме да се донесе по итна постапка поради неодложната потреба за тоа што одредбите чие изменуваше се

предлага така како што се формулирани треба да се применуваат од 31 март, односно 1 април 1993година.

При предлагањето на овие рокови се сметаше дека до утврдените рокови во споменатите одредби ќе биде донесен и ќе се применува. Законот за судовите, кој е во последна постапка пред Собранието на Република Македонија и каде е затворена јавната расправа, единствено останува да се изврши гласањето за самиот законски проект.

Сообразно со чија организација и надлежност се воспоставени организацијата и надлежноста на јавните обвинителства, бидејќи тие се во органска смисла единствен орган на правосудството и постапувајќи по организационата шема која предвидува,Закон за јавно обвинителство и Законот за судовите се комплементарни и не можат еден без друг да функционираат. Бидејќи во планираните рокови не се донесе Законот! за судовите и споменатите одредби чие изменување се предлага, не можат, да. влезат во сила ка 31 март односно 1 април 1993 година, поради тоа е потребно пред настапувањето на овие рокови соодветните одредби да се изменат и да се предложат нови рокови. Бидејќи рокот на почетокот на примената на Законот е сосема краток и истекува на 1 април, неодложна е потребата овие измени да се донесат по итна постапка.

Оттука предлагам јавното обвинителство да не излезе надвор од правниот систем и не.:може да постапува пред надлежните судови му предлагаме на Собранието по итна постапка да го донесе Законот,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (69)

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (10).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесуваше по итна постапка на Законот за ограничување на приходите за финансирање на општите општествени и заеднички потреби во 1993 година; Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, и Одлуката за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година.

Има збор потпретседателот на Владата господин Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Потребата од итно донесување на овој закон се состои во следното од причини што со Одлуката за времено финансирање кое има траење до денешниот ден 31 март, престанува важењето на Одлуката за привремено финансирање, а од друга страна и покрај настојувањата Буџетот да се утврдува во текот на првиот квартал за да од вториот квартал редовно тече финансирањето на буџетската потрошувачка од познати причини кои треба Собранието овие денови да се запознае кога ќе се презентира Нацрт на буџетот за 1993 година ја наметнува потребата за финансирање со одлука

за времено финансирање и во вториот квартал се до оној момент додека не се утврди Буџетот за да почне да тече буџетското финансирање за 1993 година според Буџетот за 1 93 година.

Оттука потребата на денешен ден да се донесе овој закон за да се создаде правен основ да може Одлуката за врамено финансирање да се утврди на денешната седница од страна на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за Предлогот на Владата овие акти да се донесат цо итна постапка, молам да крене рака? (67).

67 пратеници гласаа за,

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (б) .

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Ве известувам дека вчера измина рокот во кој Според Деловникот на Собранието на Република Македонија до Собранието требаше да биде доставен писмен извештај по повод интерпелацијата за работата на членот на Владата и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски и интерпелацијата за работата на членот на Владата и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев.

Со оглед на тоа што извештаите не се доставени во рокот предвиден со одредбите на Деловникот на Собранието, исполнети се условите за ставање на интерпелациите на дневен ред на првата наредна седница на Собранието.

Меѓутоа, со оглед на тоа што оваа седница ја свикав согласно член 97 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по барање на Владата на Република Македонија, Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и пратениците Ратка Димитрова и Билјана Лазаревска, предлагам интерпелациите да бидат ставени на дневен ред на првата наредна седница, што ќе биде закажана по завршување на оваа седница.

Дали се согласувате со овој предлог?

Молам, кој е за да крене рака? (72) .

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (9).

Констатирам дека и овој предлог е усвоен.

Со оглед на значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Дали се согласувате со овој предлог?

Кој е за молам да крене рака? (72)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред;

1. Предлог на закон за изменување на Законот на Јавното обвинителство,

2,. Предлог на закон за ограничување на приходите за финансирање на општите општествени и заеднички потреби во 1993 година;

3. Предлог на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби;

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година;

5. Информација на Владата на Република Македонија во врска со приемот на Република Македонија во Организацијата на обединетите нации.

Една наломена.

Редоследот на расправите, доколку се усвои овој дневен ред, предлагам прво да расправаме за точката 5 од дневниот ред, бидејќи сите други точки се уште на дневен ред на Законодавно- правната комисија и не можеме да отпочинеме расправа по актите, туку само по информацијата.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (89).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека го утврдивме дневниот ред.

Предлагам да почнеме со расправа по точката 5.

Има збор расплодниот Стевковски веројатно некоја процедурална интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сакам да укажам на една дезинформација во смисла дека барањето за итна седница и за информација на Владата на Република Македонија за поставката за прием на Републиката во Обединетите нации е по барање на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да не се стекне погрешен впечаток,

бидејќи во кажувањето од страна на претседателот на Собранието се спомна прво Владата. Напротив, ние баравме Владата да ни изготви информација, значи оваа информација е по барање на ВМРО ДПМНЕ.

Станав да кажам дека со оглед на значењето кое го има прашањето и она што се води во Обединетите нации за приемот на Република Македонија дека неминовно беше да се изврши и предлагам измена на дневниот ред на точките од аспект Информацијата да биде прва точка. (Негодување во салата, бидејќи претседателот веќе го предложи тоа).

Јас говорам сега и не коментирајте од место, секој што може да коментира нека стане овде.

Со оглед на значењето и со оглед на она што синојка какво значење му даде Претседателот на Републиката со неговото обраќање до јавноста и граѓаните на Република Македонија, дека првата точка на денешната седница, во најмала рака, треба да биде Информацијата токму за активностите за приемот на Република Македонија во Обединетите нации,

Претседателот Андов на еден вешт начин, морам да кажам сега, го преврте на одреден начин па вели точката 5 ќе биде точка 1. Мислам дека треба да бидеме сериозни во овој моменти предлагам да се измени дневниот ред и првата точка да биде токму Информацијата поради значењето и како што рече претседателот на Републиката историскиот момент за нашата држава,

Оттука наш предлог е измена на редоследот на точките, со други зборови Информацијата да биде прва точка на денешната седница,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно објаснување. Итна седница бараше Владата за четирите точки, а ВМРО ДПМНЕ и пратеничките Лазаревска и Димитрова бараа за петтата точка, за Информацијата.

Нема .никакви дезинформации, тоа е едно.

Друго, дневниот ред го утврдивме и сите гласавте.

Минуваме на **точката 5** - Информација на Владата на Република Македонија во врска со приемот на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

Воведно излагање по Информацијата ќе поднесе претседателот нд Владата на Република Македонија, Бранко Црвенковски. !

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувано Претседателство,почитувани пратеници

Прашањето на меѓународното признавање на Република Македонија и нејзиното интегрирање во меѓународната заедница веќе 15-тина месеци е една од главните преокупации не само на институциите на власта во Републикава, туку и на сите нејзини граѓани што е и сосема разбирливо кога ќе се има во предвид значењето на ова прашање и позитивните и негативните последици што произлегуваат од тоа.

Во овој период Собранието на Република Македонија во неколку наврати расправаше на оваа тема. Пред Вас почитувани пратеници, за тоа, како тој процес течеше, на неколку наврати. даваше информации претседателот на Републиката, Владата, министерот за надворешни работи.

Врз основа на развојот на настаните и проценките за моменталните состојби, ова највисоко законодавно тело донесуваше свои платформи, заклучоци, задолженија за носителите на извршната власт.

Тргнувајќи од тие претпоставки сметам дека нема потреба во оваа прилика да се прави целосна ретроспектива на се што се случувало во целиот овој период, па само би ве потсетил, без посебно елаборирање на поважните моменти од тој процес;

Врз основа на резултатите од Референдумот на кој беше изразена волјата на граѓаните на Република Македонија, на 17 септември 19 91 година, Собранието ја донесе Декларацијата за суверноста на Република Македонија.

Во ноември истата година се донесе Уставот на Република Македонија, како устав на самостојна и суверена држава,

Во тоа време меѓународната заедница и го додели мандатот за разрешување на југословенската криза на Европската заедница сметајќи го тоа за "Европско прашање".

Во согласност со процедурата утврдена на Хашката мировна конференција, ЕЗ формира арбитражна комисија составена од 5 претседатели на уставни судови на држави членки на ЕЗ на чело со господинот Робер Бадентер со задача да утврди кои од државите настанати со распадот на СФРЈ ги исполнуваат условите за меѓународно признавање. Комисијата оцени дека Македонија е чист случај и дека Македонија и Словенија се единствените што ги исполнуваат сите услови.

За некои можеби, честото спомнување на Бадентеровата комисија и нејзиниот извештај преоѓа во бизарност, меѓутоа, таа се до денес претставува еден од нашите капитални аргументи и големо е прашањето каков развој на настани ќе можевме да очекуваме доколку тој извештај беше поинаков, па дури и спротивен.

За жал, во меѓународната политика, правото и правдата не само што не се секогаш доминантни, туку многу често се наоѓаат во втор план, зад полатичките интереси. Тоа го почувствувавме и ние на сопствена кожа и тоа не за прв пат во нашата историја.

Грција ја стави во погон целокупната расположива дипломатска, пропагандна, лобистичка машинерија, го активира целиот политички капитал,па ако сакате и финансиските можности. Го употреби или поточно речено го злоупотреби своето членство во ЕЗ, ЌЕБС, Западноевропската унија, ООН,  НАТО- пактот и сето влијание што произлегува од тоа.

До максимум го користеше воспоставениот механизам на одлучување во рамките на ЕЗ до принципот на консензус и меѓусебна солидарност за да се блокира меѓународното признаваше на Република Македонија, .

За да ги убеди своите партнери во важноста на ова прашање, го издигна на ниво од судбоносен национален карактер, ги распламти националните страсти и еуфорија.

,Да се потсетиме на милионските митинзи и целата иконографија што на нив се појави.

Прибегнува кон целосна економска блокада сметајќи дека тоа, комбинирано со штетите од воведените санкции спрема Србија и Црна Гора ќе биде доволно Македонија економски да се скрши и примора да ги прифати условите наметнати од страна на Грција.

Тоа се покажа како лоша проценка. И покрај економските катастрофи што Република Македонија ги претрпе во изминатата година, се покажа дека волјата и чувството за државотворност на овој народ се посилни од сите тие неволји.

Европската заедница во овој изминат период во неколку на! рати го поставуваше прашањето за признавање на Македонија, меѓутоа никогаш не смогна сили да го разреши.

Се сменуваа и посредниците иницијативите: Пењеиро со својот предлог пакет, Робин 0'Нил, иницијативата,на францускиот претседател Франсран Митеран. Некои од овие иницијативи ние ги оценивме како неприфатливи, а некои не беа прифатени ни од самата ЕЗ.

Се редеа самитите биде на министерско, било на највисоко ниво, меѓутоа без успех се до Единбруг кога ЕЗ дефинитивно оцени дека ставена во расчекор или сендвич, како сакате, помеѓу механизмите на одлучување по принцип на консензус и солидарност од една страна и по сите европски нории и стандарди чистиот случај на Македонија од друга страна не. е во можност да го реши ова прашаше и ја префрли топката во ООН.

Што се случуваше за тоа време со некои од државите не членки на ЕЗ.

Десетина држави меѓу кои неколку со несомнено влијание во меѓународните односи се одлучија на самостоен чекор и ја признаа Република Македонија. За жал, поголемиот дел го почитуваа делегираниот мандат ига ЕЗ и го чекаа нејзиниот став.

САД за цело ова време се држеа доста коректно, меѓутоа сепак резервирано, сметајќи дека ова е "Европско прашање" и тука главен збор треба да има ЕЗ.

Ваквиот пристап се задржа и во Советот за безбедност на ООН и не е случајно што нова иницијатива дадоа токму трите држави членки на Советот за безбедност, кои се во исто време и членки на ЕЗ: Велика Британија, Франција и Шпанија.

Тие подготвија Нацрт- резолуција која стана предмет на неформални консултации и која како таков неформален документ, беше расправана дури и на нашето Собрание на посебна од седница.

Кои беа основните поенти на таа предлог нацрт- резолуција

1. Македонија да биде примена во ООН под привремено име "Бивша југословенска Република Македонија".

2. Тоа Име да биде користено интерно, во рамките и за потребите на ООН.

3. Да се воспостави арбитража која во одреден временски рок ќе пресуди, за конечното решение.

Се разбира, некои од овие ставови беа апсолутни неприфатливи за нас, што впрочем беше изречено и на самата седница на Собранието.

Од тој момент, за нас отпочна нов, едномесечен преговарачки циклус со цел да се објаснат нашите ставови пред Советот за бе бедност и да се обидеме да извршиме модификација на самиот предлог.

Кои беа нашите појдовни позиции во овие преговори и со која аргументација:

1. Никаква промена на нашето уставно име по повод приемот во ОН макар и под формата "привремено" за нас не е прифатлива.

2. Предложената формула "Бивша Југословенска Република Македонија" како привремено име за нас е неприфатливо, бидејќи асоцира на СР Југославија со која ние немаме ништо заедничко.

3. Механизмот на арбитража за нас е неприфатлив, бидејќи не се согласуваме да го делегираме правото некому да пресудува без да имаме можност да дадеме или не дадеме согласност.

Со таков мандат, и, се разбира, со обврска доколку е можно да се избори за чисто решение,(што би значело прием Уставното име без никакви дополнителни компликации), нашата делегација предводена од страна на потпретседателот на Владата и в.д. министер за Надворешни работи Стево Црвенковски отиде во седиштето на ОН во Њујорк и на тој план во изминатиот месец и работеше.

Паралелно со нашите обиди за промена на текстот на резолуцијата и грчката страна се обидуваше да издејствува измени што би оделе во нејзин прилог.

Ги имаше повеќе, но да ќе ги спомнам само двете, по многу нешто најважно.

1. Од преамбулата на "Резолуцијата да се исфрли ставот дека ние ги исполнуваме сите критериуми за членство во ОН изнесеш во член 4 од Повелбата на ОН.

2. Препораката на Советот за безбедност да биде условна односно генералното Собрание на ОН да не го изврши приемот се додека на заврши арбитражата, велам арбитража, затоа што за грчката страна арбитражата беше прифатлив механизам.

И на двете барања ние остро реагиравме и тие беа одбиени од страна на Советот за безбедност.

Во меѓувреме, додека преговорите траења, како се однесува другите, условно речено "клучни" членови на Советот за безбедност

1. САД за кои пред малку реков дека во текот на целата измината година се држеа резервирано се изјаснија и застанаа зад иницијативата на трите Европски држави. Во оваа прилика јас би ви презентирал само дел од нивните ставови.:

"Првенствен интерес на САД е регионалната стабилност. Важно е Македонија да остане стабилна и да го сочува својот територијален интегритет. Сепак, нашите врски со Грција, НАТО сојузник и пријател нам ни се важни и ние сакаме да избегнеме било какво дејствие што нив би ги загрозило Грција е загрижена околу името на Македонија, што САД не може да го игнорира. Кооперативен однос помеѓу Грција и Македо1нија е суштествен за регионалната стабилност.

Ние повторно рековме дека ќе поддржиме некое решение што е прифатливо за Грција и за Македонија.

Ние ги поддржавме претходните напори на ЕЗ да изнајде решение за овој спор.

Ние ги поддржуваме, вековните напори на членките на ЕЗ во Советот за безбедност и веруваме дека тие нудат основа за решение за да може Македонија да влезе во ОН.

Овие напори создаваат прилика и за Македонија и за Грција да го отстранат овој .спор. Ова е можност која може би нем да се појави повторно наскоро.

Ние, исто така веруваме дека е во интерес на обете страни овој спор да го решат најскоро што може за да може да продолжат со нормален однос.

Членството на Македонија во ОН ќе се оствари само ако Македонија и Грција покажат флексибилност очевидно е дека ако Македонија треба да влезе во ОН во дадениот момент треба да биде употребено провизорното име "Бивша Југословенска Република Македонија. Ова ќе биде тешко за Македонија да го прифати. Меѓутоа, секој разбира и дека ова е едноставно привремен аранжман со кое се олесни членството на Македонија во Обединетите нации додека не се реши овој спор.

Меѓутоа, ако секоја од земјите не е подготвена на компромис, нема изгледи Македонија да влезе во Обединетите нации. ние, затоа бараме внимателно да ги разгледате загриженоста на другата страна и британско-француско- шпанскиот став и да покажете најголема флексибилност што можете.

Овие забелешки ви ги даваме вам и на Грција."

2. Единствениот член на Советот за безбедност кој веќе ја имаше признаено Република Македонија и од кој, Со право,, очекувавме посебна поддршка Руската федерација, во овој период имаше став кој би можел да се дефинира на следниот начин:

- Русија ја призна Република Македонија и со тоа веќе направи доволно

- Русија не е конфронтирана страна со Западноевропските држави како во минатото',. туку напротив, нивен сојузник и таа го поддржува дадениот предлог.

Како илустрација нека послужи тоа што најтешко се остваруваа средбите токму со рускиот претставник во Советот за безбедност веројатно заради непријатното чувство дека постои контрадикторност во нивните сегашни ставови и поранешни постапки.

Во овој момент би сакал да се задржам на уште еден аспект битен за начинот на водењето ,на преговорите.

Во изминатите 15 месеци секогаш кога постоеја одредени предлози или иницијативи, постојано бевме ставани во ситуација било заради наметнати прилики од надвор, било заради изнудени ситуации а тука, во Македонија да заземаме став уште во фазата на преговори пред да„имаме дефинитивно заокружен предлог и пред да го знаеме ставот на Грција. Во сите случаи тоа се покажуваше како наша слабост која обично беше користена против нас.

Свесни за сите ризици дека можеме да бидеме обвинети за недоволна информираност на нашата јавност, меѓутоа свесни и за тоа дека не пости начин да го обелодениме нашиот однос во преговарачкиот процес пред нашата јавност а да тој не биде во истиот момент достапен и на другата страна, се решивме ставот на нашата Влада да биде објавен дури после имањето на дефинитивен предлог изјаснувањето на грчката страна.

Токму заради тоа и ставот на Владата на Република Македонија беше обзнанет после седницата на Владата на Република Грција. Дури и тоа се покажа дека не може до крај да ги елиминира сите ризици, бидејќи имавме прилика, тоа е од вчера, многу свежо, веднаш после седницата на Владата на Република Грција имавме прилика да го чуеме официјалниот став,а тоа е дека се прифаќа Предлог- резолуцијата, за да после обзнанувањето на нашиот став и излагањето на Претседателот на Републиката повторно се кажа дека е тоа само усмено, а писмено накнадно ќе биде доставено до Советот за безбедност, па сега, денеска имаме повторно една голема тешка битка ко^а што се уште трае и за што -повеќе нашата јавност информирана ,а тоа е околу знамето, што не е предмет на резолуцијата и на овие акти, туку е дел од една техничка процедура што е вообичаена при секој прием во ОН.

Што успеавме да избориме низ овие преговори:

1. Во крајниот текст на Резолуцијата, од нас не се бара никаква промена на името, никаква промена на Уставот, дури ниту промена на пријавата со која се кандидиравме за прием во ОН, а која е поднесена под нашето Уставно име РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во прилог на оваа формулација која постоеше во првобитниот текст на Резолуцијата, а тоа е формулацијата "прием под привремено име Бивша Југословенска Република Македонија," сегашниот став во резолуцијата гласи вака:

Оваа држава провизорно ќе биде наведувана за сите цели во рамките на ОН како поранешна Југословенска Републиката Македонија со очекување на решението за разликата што се појави околу името на државата"

За да се покаже дека ќе се работи за привремено име, зборот "поранешна" почнува со мала буква а не со голема како што би било случај, доколку се работи за име.

Што значи, дека сето она што во изминатите денови имавме прилики да го чуеме низ разни партиски соопштенија дека е прифатена промена на името се должи или на лоша информираност или на лоши намери.

Ако е првата причина во прашање, тогаш има големо оправдување бидејќи дел од вината е и наша, за што веќе говорев претходно, меѓутоа, ако се работи за лоша намера тогаш тоа е нешто што е директно насочено против интересите на нашата држава Република Македонија. Тоа е нешто што посебно загрижува.

Значи, НИКАКВА ПРОМЕНА НА ИМЕТО НЕ Е ПРИФАТЕНА НИТУ ТОА ОД НАС СЕ БАРА.

2. Околу самата формулација "Бивша Југословенска Република Македонија" и нашата аргументација зошто е тоа неприфатливо за нас (за што веќе претходно говорев), постигнато е следново:

Во изјавата на претседавачот на Советот на безбедност која е исто^така официјален акт документ на седницата на Советот за безбедност стои следното: " членовите на Советот се на јасно дека наведувањето на Резолуцијата која што туку што беше усвоена на "Поранешна Југословенска Република" не носи никакви импликации дека односната држава има било каква врска со Сојузната Република Југославија (Србија и Црна Гора) . Тоа само го одразува историскиот факт дека државата препорачана за прием во ОН со сегашната резолуција била во минатото Република на поранешната СФРЈ". Ова е исто така изјава за претседавачот на Советот за безбедност што е официјален документ што ќе биде во пакетот документи и усвоени на седницата на Советот за безбедност.

Покрај тоа, во изјавата на Владата на Република Македонија што е исто така составен дел на пакетот документи што ќе ги усвои Советот за безбедност децидно стои:

"Владата на Република Македонија посебно укажува дека во никој случај нема да биде подготвена да го прифати "Поранешна југословенска Република Македонија" како име на државата и дека одбива на било кој начин Републиката да биде поврзана со сегашното значење на зборот Југословенска".

Впрочем, ова беше и презентирано во вчерашното соопштение од седницата на Владата.

3. Од Резолуцијата е исфрлен механизмот арбитража и е заменет со механизам на посредување и градење на мерки на доверба, што значи нема да Имаме арбитри, туку посредници и не може да биде нешто донесено како одлука, доколку за тоа не пости и наша согласност. И,не е случајно што господинот Мицотакис изјави вчера дека е подготвен да седне и преговара со претставници на нашата држава, (да се потсетиме дека во изминатиот период во изминатава година две жестоко се спротивставуваше

на директни преговори и покрај тоа што од наша страна постојано имаше отворена понуда.

Тоа е она што успеавме да направиме во овој преговарачки процес од околу 1 месец. Понатамошни можности за подобрувања и модификации на Резолуцијата на Советот за безбедност од наша страна не постојат и овој текст се смета за дефинитивен.

Ние него во оваа фаза можеме да го прифатиме или одбиеме. При тоа уште една и нагласувам ова е усогласен предлог зад кој стојат сите членови на Советот за безбедност, посебно изјавува САД, Русија, Велика Британија Франција.

Ајде да се обидеме рационално и одмерено да ги извагаме сите ризици и предности што ги носи со себе прифаќањето или одбивањето'.

Што со себе носи прифаќањето на предлог- резолуцијата?

- Прием во ОН со што државноста на Република Македонија е дефинитивно историски зацементирана.

Без намери посебно да елаборирам, сосема е јасно дека корисата на економски план ќе биде голема, повеќеслојна, на политички план одредени држави кои во овој момент се колебаат со меѓународното признавање на Република Македонија, бидејќи го чекаат приемот во ОН ќе пристапат кон тој чин, трето, на безбедносен план, со приемот на Република Македонија во ОН механизмите на колективната безбедност се прошируваат и на Македонија. Во услови на постоеше на ризик од проширување на војната во јужниот дел од Балканот, сосема е јасно дека нашата држава, при нерешен меѓународен статус е сама по себе податлива за евентуална агресија.

Што е ризикот на прифаќањето:

Не треба да имаме илузија дека вчера со Грција, со чинот на прием во ОН се разрешува и дека процесот на посредување ќе биде лесен.

Постои сосема реална опасност дека Грција ова ќе го смета ,за стекната позиција и дека во процесот на посредување ќе излезе и со нов пакет на барања, за што веќе има и на^ави.

Меѓутоа, таа опасност постои и доколку одиме во преговори без да влеземе во ОН, со тоа што ако бидеме примени, тогаш спорот околу името и градењето на мерките на доверба ќе се води меѓу две рамноправни членки на ОН.

Останува да процениме дали битката за зачувување на нашето име и евентуалните други прашања полесно ќе ја водиме како членка на ОНЈИЛН од овој статус што сега го имаме.

Притоа, сакам да нагласам дека на пакетот барања поставени од страна на Грција, од наша страна ќе биде,одговорено со соодветен пакет на барања кои произлегуваат од нашите интереси и, од интересите на нашите граѓани.

Што значи одбивањето на овој предлог?

Јас тоа би го оквалификувал како одење на се или ништо.

Што значи се

Тоа би значело дека ќе успееме да одолееме на сите притисоци, ќе одбиеме било какви компромиси и во од на економски, политички и безбедносен аспект, поднослив временски рок ќе ги убедиме сите што на меѓународната сцена нешто значат, значи САД Русија, Франција, Велика Британија и сите останати што застанале зад овој предлог дека погрешиле и дека мора да ја исправат својата грешка. За Грција во таа варијанта не сакам ниту да зборувам. Тоа е варијанта на нејзин целосен и срамен пораз.

Не верувам дека постои човек од Македонија што не ја посакува оваа варијанта. На крајот на краиштата тоа не би било само желба, туку и единствено праведен исход. Меѓутоа, ајде да бидеме реални и да оцениме колку е тоа навистина реално можно? И, кој ќе ја земе одговорноста доколку на место се резултатот биде ништо, со сите последици што од тоа произлегуваат.

Каде е границата, онаа тенка линија што го дели водењето на политиката заснована врз реални претпоставки од она што се вика хазардерство, коцкање, со судбината на една држава и нејзините граѓани па макар да е тоа предизвикано и од најчесни намери. Мислам дека деновиве се наоѓаме токму на таа линија.

На крајот би сакал да кажам нешто околу атмосферата што од некои субјекти перманентно се создава, атмосферата на минимизирање на се што е направено во изминативе година- две.

Тоа е грев и неправедно не спрема носителите на власта: спрема Владата или претседателот на Републиката, туку грев спрема народот кој во овие две години покажа дека е над своето балканско опкружување, кој покажа дека во него има доволно разум да не му се случи босанската или хрватската трагедија. Додека другите се закопаа во своите национални истории, во своите митологии и мистификации нашиот народ повеќе гледаше во иднината.

Овој народ во овој период успеа гордо и достоинствено да ги издржи сите блокади и тешкотии, да ја плати страотната економска цена без да потклекне и да успее да дојде до вратата на ОН без крв, без жртви, без разрушени градови и села.

Погледајте го составот на ОН и кажете колку држави успеале на тој начин да влезат во меѓународната организација. Мислам дека сите ние што овде седиме, со сето она што досега е направено и целиот наш народ имаме причина да се гордееме.

Благодарам.

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние не можеме да продолжиме сега бидејќи немаме извештај од Комисиите. претседателот на Комисијата за меѓународна политика ме извести дека Комисијата бара да заседава после излагањето «а претседателот на Владата и затоа пауза до 15,00 часот.

(Протести од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме со расправа по паузата.

(Седницата прекина во 12,45 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве известувам дека Комисијата за меѓународни односи завршила со работа, извештајот ќе биде сега поделен, а ние можеме да продолжиме со работа.

Деловнички сакаше нешто да не информира госпоѓата Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сакам да го искористам моето деловничко право да се јавам процедурално. Моето право беше узурпирано пред паузата, а мислам дека ќе беше поконструктивно и подобро овој предлог кој што го имам во врска со текот на оваа седница да биде кажан пред паузата, така што ќе беше рационално искористено времето. Но сега ја користам оваа прилика и го молам претседателот да не ме прекинува, бидејќи сакам да го дадам предлогот и да го образложам.

Не може Собранието да расправа аналитички и  конструктивно и само врз основа на усмено и доста општо изложена информација од страна на претседателот на Владата. Тој тврди дека Владата, предложеното име "Бивша Југословенска Република Македонија", не го прифаќа и нема да се потпише под тоа име, од друга страна тврди дека за привремено, провизорно нарекување, таа тоа го прифатила. Прашањето со буквата исто е слорно...

**СТОЈАН АНДОВ;**

Немојте Вие така.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас морам моето барање да го образложам, ова е мое право процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Барањето кажете го. Кое ви е? После ќе образложувате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас ќе барам по моето барање да се изјаснат пратениците со гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

До кое барање?

**РАТКА ДИМИТРОВА:,**

До барањето кое што сега слушам да го образложам и имам деловничко право да ми го дозволите тоа. Бидејќи темата е многу важна, узурпирањето на ваквото право сноси Ваша одговорност господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Да се договориме. Вие прво барањето кажете го. Имате право после да го образложите. Образложувањето без да знам јас дали Вие имате бараше или не не може. Не може да образложувате, тоа е материјална расправа.

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Бидејќи во излагањето на премиерот се спомнуваа извесно расположливо време, без прецизен рок и прецизно утврдени постапки, што

потоа, ако не успее...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димитрова, барањето кое ви е?

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Барањето е дека ние не можеме по општа информација усмена да раправаме за волку сериозни нешта. Ние господине претседателе не сме виделе ниеден документ, од релевантните документи кој што би можеле да ги подложиме на анализа и да разбереме што тој содржи.

**СТОЈАН АДДОВ:**

Ве  молам што барате?

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Може ли да ви кажам што барам? Тогаш ќе треба да молчите за да должам јас да кажам што барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете Вие што барате, а не да држите говор.

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Вие господине претседателе ни ветивте дека штом ќе ја добиете Резолуцијата, за која што во својот говор тврдевте дека таков документ службено не постои на 55-та седница тоа беа ваши зборови, ние не сме добиле Резолуција.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Што ви е предлогот? Што барате. госпоѓо Димитрова? Ве молам напуштете ја говорницата.

Вие ќе си добиете збор во расправата.

Ќе ви дадам можност да кажете, но прво кажете што барате, што предлагате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас имено тоа и го правам.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Повелете,

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Ние бараме Резолуцијата која што веројатно цел свет ја знае, само нашето Собрание не ја знае, за која што вие тврдевте дека е не резолуција, никаков документ, кружи, не кружи, таа стана Нацрт- резолуција, сега стана Предлог- резолуција, сега ни се кажува дека е веќе прифатена, а Собранието не ја ни знае. Резолуцијата сакам да ја имаме овдека како документ. Барам и предлагам пратениците со гласање да "се изјаснат, дали се за тоа документите, кои што не ни биле досега репрезентирани во никаква форма, дури ни Комисијата за односи со странство ги нема ни добиено, ни разгледувано, бев присутна сера во мозу1ентот на паузата, траеше работата на таа комисија, ниеден од овие документи не беше покажан, ниту можеше да се анализира. Беше кажано за еден документ кој што поголемиот негов дел премиерот тука го прочита, а тоа е обраќањето од Стејтдепартментот до Македонија, но произлезе од текот на расправата во Комисијата дека тој документ фактички не е документ. Значи излезе сега дека не документи можат да бидат читани и дека е тоа нешто што е кажано

во четири очи дека,тоа нешто ако е така, не може јавно да се употребува. Сакам да кажам дека релевантни документи ние немаме, за да можеме да решаваме по ова прашање, а тука се дотакнуваат прашања кои што се од огромна важност. Ние чувме дека на Уставот нема да има посегања ние во документ тоа не го видовме, а тоа е во директна контр'дикција со обраќањето на господинот Глигоров до нацијата, каде што кажува, можам да цитирам: "Ние мораме да ги увериме сите наши граѓани и не само да ги увериме, да создадеме уставни, законски и други услови, да се чувствуваат рамноправни во нашата држава, на сите да биде таа татковина." Тоа е очигледна алузија на промена на Уставот, а тоа директно премиерот овде го тврдеше дека нема да го прифатиме. Има многу елементи заради кои што ние тие документи во изворен вид треба да ги добиеме и да ги проучиме. Инаку расправата на ова Собрание до оваа точка ќе биде обична фарса, која што уште повеќе ќе го подели нашиот народ, Сакам тука да ги цитирам и зборовите на министерот Денко Малевски кој што бара конструктивен придонес и соработка од страна на опозицијата, но самиот министер рече дека за тоа да се добие потребно е за секој чекор опозицијата да биде информирана. И јас би рекла не само опозицијата, туку и целиот народ. Овие документи ги, бараме во писмена форма, а не за јавна расправа, за да не се манипулира дека ние сакаме сите свои тајни да ги кажеме, тоа не се тајни, тие ги знае скоро дел свет.

Барам пртениците со гласање да се изјаснат за мојот предлог за добивање на оригиналните документи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, гослоѓа Димитрова бара да не почнеме со расправа, туку да се изјасниме дрво да се донесат документите, па после да почнеме со расправа.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи многу често конструктивните предлози се користат за неконструктивни манипулации од страна на претседателот и крајно е време уште еднаш да ја ставиме на преиспитување неговата улога овде во Собранието, сметам дека ќе бидеме задоволни, ако тоа во текот на расправата стигне до нас, така што да не се прави пауза и да не се дезавуира самата седница,

**СТОЈАН АНДОВ;**

Според тоа, Владата слушна, овде се бара текстот на Резолуцијата и пратеничките документи со Резолуцијата, со тие што располагате да се достават до Собранието во доверлива постапка, Видете дали е тоа можно и постапете по тоа. Тоа е барањето.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, пред да упатам исто така едно сопствено барање до претставниците на Македонската влада, во врска со точката на дневниот ред, сакам да го изразам својот личен протест за начинот на кој што претседателот на Собранието се однесува кон пратеничката Ратка Димитрова и не и дозволи да ги изрази своите мисли. Исто така со стилот кој што овдека почна да се применува и тоа многу драстичен стил и не

предупредува дека и натаму ќе следат недемократски методи на спречување на искажување на мислењето на поединци, а во случајот на пратениците, т.е. со исклучување на микрофони. Тоа е скандал во било кој парламент во светот. Јас апелирам ваквата практика натаму да не се применува, бидејќи натаму ќе следат други методи кои што Македонија ќе ја водат во еден друг правец, за кој што не сакам да го именувам со името тоталитаризам.

Што се однесува до мојата процедурална забелешка, вчера во текот на вториот дневник на Македонската телевизија од страна на известувачот Емил Крстевски беше споменато писмо со кое што македонската Влада се обратила во текот на вчерашниот ден до Обединетите нации, а тоа писмо денеска е цитирано и во весникот "Нова Македонија". За какво писмо и за какво обраќање станува збор, ние пратениците во Македонскиот парламент, немаме поим, Јас би го замолила претставникот на Владата во текот на расправата тоа писмо на сите нас да ни го достави, да не се случи повторно скандал, ние да се обраќаме поединечно до Обединетите нации и од други држави да добиваме информации.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Според тоа, барање е да се достават документите од Советот за безбедност што се и писмото што го испратила нашата Влада.

Ве молам, недемократска постапка е да се дојде овде на говорница, деловнички да се интервенира, а да се навлезе во материјална расправа. Тоа е узурпација на правата на секој од другите пратеници, Тоа натаму нема да го допуштам. Да се разбереме, секој ќе дојде овде за тоа што се

пријавил. Само така има смисла да држиме седница. Бидејќи темата и инаку е чувствителна, мора секој да се држи за Деловникот. Молам, дали е јасно сега на Владата? Според тоа, госпоѓа Димитрова не бара да чекаме дотогаш, па да почнеме со расправа. Таа бара во текот на расправата да бидат доставени, и ако прво се доби впечаток дека бесмислена е расправата ако тоа не се поседува.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Јас ве молам, изгледа се научивме во Парламентов да работиме непродуктивно и оваа седница почна повторно непродуктивно, како и обично што знаеме да работиме. Јас би го молел Собранието за две процедурални работи за кои што треба да се договориме, Едната од тие е како предлог, прво, во јавната расправа да дадеме можност само еднаш да се изнесе по Информацијата секој пратеник, заради тоа што ние знаеме колку непродуктивни денови седиме на овие клупи и на крајот одиме без заклучоци,

Второ, ова што произлезе од досегашните две барања, ако веќе бараме одредени документи кои што треба да се презентираат овде пред Собранието, а Собранието и понатаму продуктивно да работи, бидејќи имаме и други точки во дневниот ред, кои се исто така под итна постапка, па нека размисли Собранието дали ќе го губиме времето бадијала, или треба да ги донесеме законите кои се предложени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам имаме предлог на господинот Николов само по еднаш да може да се земе збор. Дали има десет пратеници кои го поддржуваат овој предлог? (Има).

Кој е за предлогот на Николов да крене рака? (52) .

Дали е некој против? (36).

Дали некој се воздржува од гласање? (4).

Според тоа констатирам дека Собранието одлучи по еднаш да може секој пратеник да се јавува за збор.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Имавме барање од госпоѓата Димитрова за добивање на некои документи, Нацрт^резолуција, писмо итн. Господинот претседател го пренесе предлогот до Владата. Ние од Владата не чувме ќе ги добиеме ли тие документи или нема да ги добиеме.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Ќе ги добиеме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Кога ќе ги добиеме тие документи. Ние имавме експозе денеска од претседателот на Владата. Експозето не е поделено. Слушавме само што беше зборувано во експозето. Документите Република Македонија ги нема. Ги баравме долго време тие документи, не ги најдовме, стававме забелешка на тие документи.

Сакам да слушнам од претставник на Владата, од тој што е соодветно надлежен ќе ги добиеме ли тие документи или нема да ги добиеме, односно ќе го добиеме ли експозето поделено или нема да го добиеме. На овој начин навистина скандалозно е да се работи. Не може да бидеме овдека собрани незнам како што да слушаме до последниот момент што се случува и врз основа на усмени импресии да расправаме за вакво прашање за што се работи.

Јас молам претседателот да побара претставник на Владата овдека да се изјасни дали ќе ги добиеме тие документи или не и тоа да биде констатирано записнички и стенографски.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Ве молам, тоа е право на Собранието, ние веќе рековме и тие мора да го достават.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Јас мислам дека ние се разбравме со климање на глави дека ќе ги добијат пратениците тие документи. Ако некому му се слуша ќе слуша, кога ќе завршам ако има коментар нека повели. Ве молам, го известувам Собранието дека задачата ја прифаќаме, но не со коментари скандалозни и незнам какви, сега ја добиваме задачата и оценуваме дека треба да ви излеземе во пресрет, ќе ви бидат презентирани како тајни документи, односно како доверливи документи.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Еве уште еднаш сакам да кажам дека начинот на кој што се организира работата на Собранието по вакви прашања е скандалозен. Се

работи за прашање од исклучително значење за Републиката и ние треба да бидеме задоволни што досега Република Македонија не ја видела таа фантомска Нацрт- резолуција и ја читавме низ грчките средства за информираше, пренесена преку нашите средства за информирање. Уште еднаш да повторам дека тој начин е скандалозен. Ако некој тоа не го чувствува, тоа навистина е жалосно и негов проблем се разбира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

укажа дека ги ја ги даде како иле.

Ве молам само еден коментар. Скандалозни се коментарите на господин Гошев овде. Јас седницата ја свикав по барање на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Тој досега не пројавил интерес да се расправа по ова прашаше, Бараа писмена информација, таа не можеше Владата да ни ја обезбеди и тогаш по интервенција на пратеничката група гр прифатија усмено излагање, јас ја закажав седницата. Што барале за мене, тоа сум барал од Владата. Понатаму, господинот Жута дава како доверливи документи. А Владата може д доверливи документи, До денес ние не сме ги добиле.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Се наоѓаме во еден сериозен момент и за вакво сериозно прашаше, вакво однесување навистина е недопустиво од нас како пратеници.

Овде беше истакнато и гледањето дека пратениците за оваа точка која е од егзистенцијално значење за Македонија како суверена држава, треба да дискутираме само по еднаш или ограничено.

Од Владата доставен е допис дека, ќе цитирам: "Покрај претседателот на Владата да можат да учествуваат и други членови на Владата со што ќе се придонесе за поквалитетна расправа и за донесување на соодветни заклучоци", значи од Владата ќе учествуваат министри или луѓе кои се вклучени во ресорното министерство за надворешни работи по оваа тема за да се добие подобар квалитет, а се со цел, според тоа што сега се изнесува им се скратува на пратениците да дискутираат по два лати или три пати. Не смееме повеќе во овој Парламент заради нашето сопствено чувство на одговорност и заради моментот во кој се наоѓаме вака ригорозно да се однесуваме спрема една материја која е од животно значење за Република Македонија. Јас во овој момент сакам да се вклучам по расправата толку колку што чувствувам дека е потребно да дискутирам, а ако излегувам надвор од рамките и нормите на она што се вика правилник или деловник на Собранието, претседателот е тука да стопира.

Уште едно суштествено прашање. Не може почитувани пратеници оваа материја која е толку важна, премиерот изнесе свое експозе, после изнесувањето на експозето јас барав збор, се прекина расправаа во Собранието и се отиде на расправа во Комисијата за односи со странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што ви е предлогот.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Мојот предлог е, овој материјал од страна на Владата или ресорното министерство или овие вакви тајни или незнам какви вродостојни документи требаше прво да бидат пропратени до Комисијата за односи со странство таа да ги разгледа па потоа да дојдат на дневен ред во Собранието на Република Македонија. Ние почнавме по обратен ред. Како може по говорот на премиерот на Република Македонија да расправа Комисијата бесцелно и сега ние излегуваме ние незнам со која цел. Нема логика. Досега ние, ниедно прашање кое не поминало во телата на Собранието не сме го расправале овде на Собранието.

Тоа се моите основни забелешки и предлагам она што беше предлог овде да се дискутираа само по еднаш, ги молам да се наруши таа практика и за ова суштествено прашање да се земе конструктивен дијалог, конструктивна дискусија, се во прилог и во духот на она што значи интерес на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние сме Собрание и мораме да работиме по деловникот. На друг начин не може да се работи. Според деловникот овде пратеникот Николов постави;предлог, десет и повеќе пратеници и повеќе пратеници овде поддржаа по деловникот и Собранието се изјасни по деловникот се бараше овде да се доставаат документи, во согласност со деловникот ни соопшти потпретседателот на Владата дека тие се од доверлива природа и под посебен режим можат да се користат во Собранието. Ние до тоа мораме да се држиме.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас му благодарам на господинот Жута за љубезноста, како претставник на Владата, ама сакам да поставам плус едно клучно прашање кое што изгледа дека за оваа Влада е од особена важност, а тоа е ^кога, бидејќи за силите за УМПРОФОР во декември добивме на писмено од Владата дека по разни точки, јас не можам сега да ги цитирам, е должна Владата да направи договор со тие сили и должна е да го донесе на ратификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Задржете се на ова сега, ве молам, пуштете го декември и УМПРОФОР. Ние денес имаме точка за која расправаме.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ние ги примивме силите тие одамна се тука, а никој не зборува ни за договор ни за ратификација.

**СТОЈАН АНДОВ**

Што предлагате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Затоа молам Владата да каже кога тие документи, неопходни да ги видат пратениците, за да можат воопшто да расправаат по ова прашање Владата ќе биде во состојба да ги достави, бидејќи знаеме дека тие се тука, треба само да, се препратат од таа зграда во оваа зграда. Не бараме писмен извештај. Само документите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господинот претседател на Собранието кажа дека моите коментари се скандалозни. Се разбира секој ќе процени со тоа. Меѓутоа, да потсетам дека е скандалозно неговото толкување на деловникот бидејќи ние имавме прилика овде во која прилика како да го применуваме или да не го применуваме деловникот, оној деловни кој е во согласност со Законот за здружен труд.

Втора напомена зошто е ова неделовнички, а се повикува на деловникот господинот претседател, затоа говори фактот дека ние имаме заклучок дека без материјал не се расправа на седници а што имаме денес ние на нашава седница. Немаме материјал кој што е пред пратениците, имаме експозе кое што го слушнавте. Немаме нацрт- резолуција со која се одредува судбинско прашаше за Република Македонија имаме изјави односно немаме изјави во врска со резолуција од претседателот на Советот за безбедност и т.н. од Владата и слично на тоа, немаме ништо од тоа. Тие документи се строго доверливи, затоа не ќе знаат пратениците овде и не ѓи знае македонската јавност, а тие документи се објавуваат во Грција, се коментираат во експозето на премиерот на Владата и се коментираат во средствата за информирање на Република Македонија. Замислете ја сега таа ситуација и одлучете што е скандалозно, за што се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да појаснам некои работи.

(се слушаат одредени коментари од поодделни пратеници претседателот да излезе на говорница.

Не, господо, јас како претседател на Собранието сум прозван, така и ќе појаснам.

Прво уредно е доставено барање, се бара писмена информација (повторно негодување)

Не, не јас сум претседател на Собранието господине Неделковски ако не ви е јасно. Ве молам вие можете да си покренете постапка да ме смените, тоа можете, а до тогаш ќе ме слушате бидејќи јас сум само овде повикан да го држам редот.

Значи, прво се бараше писмена информација. Се разбира во таков случај, кога е писмена информација имаме материјал за кој расправаме.

Бидејќи дојде интервенција од групата, ме посетија четири пратеници од ВМРО-ДПМНЕ,од предлагачот кои прифатија и инсистираа што поскоро да заседаваме, макар и само со усмена информација. Само заради тоа јас прифатив денес да биде на седница. Инаку ќе чекав да добијам писмена информација, да имаме материјал по кој ќе расправаме. Значи прво од мене тоа се бараше.

Второ, на Владата и се обратив разговарав со премиерот дали може пратечки материјал да се достави. Мене ми беше објаснето дека пратечкиот материјал во овој момент не е дефинитивен, не знаеме кога ќе го доставиме, дали нема да бидат потполно други формулации и предлози. Затоа што Документите се наоѓаат во преговарачки процес, заради тоа не инсистирав на моменталните документи кои тогаш биле и ние нема да знаеме овде тоа што се коментира дали е тоа во тој момент или има други предлози. Земјата се наоѓа во преговарачки процес и тоа е надлежност на Владата. Ако на некој не му е јасно тоа,. тоа е негов проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прашањето што ни е на дневен ред и е многу чувствително и е потполно е разбирлива нервозата кај секој од нас. Имаме различен приод кон третирањето на прашањето.

Јас сакам да ве информирам дека нацрт- резолуцијата, незнам ставот на Владата и согласноста да го подели во Парламентот, но според процедурата за прием на нови членки во ОН, нацрт- резолуцијата е документ кој не се објавува. Тој не е конечен документ. По тој документ се води расправа и се до оној момент додека не се стави на дневен ред на Советот за безбедност тој и натаму е само нацрт. Може да се изменува, да

се дополнува, да се исфрлаат нови одредби. Документот е доставен на оние што се заинтересирани странки: Владата на Република Македонија и Владата на Република Грција. Тие се субјектите кои се задолжени да даваат свое мислење по нацртот на тој документ. По тој документ не можеме да водиме хорска дипломатија, затоа што ниту до самото ставање на дневен ред, ако биде денес на дневен ред ние не знаеме кој е конечниот текст на тој документ. И може став, барање на Република Македонија да биде содржано во тој документ кога ќе биде на маса на Советот за безбедност, колку што можат да бидат и други сугестии на Република Грција. Според тоа ние можеме овде да расправаме, во Парламентот по еден текст на тој нацрт документ, а сосема друга верзија да се најде на дневен ред на Советот за безбедност после преговорите што се прават меѓу делегациите на Република Македонија и Република Грција. За ова ние како Парламент расправавме во неколку наврати. Прво имаме јасен став отфрлајќи ја Лисабонската декларација дека не прифаќаме ништо за приемот на Република Македонија ако во името го нема зборот "Македонија". На последната седница пред месец дена во врска со ова прашање расправавме овде и ја поддржавме активноста на претседателот на Републикава, министерот и Владата и ги овластивме да продолжат. Според тоа, едноставно не е можно ние да расправаме по нацрт-резолуција бидејќи не сме надлежни за тоа и затоа што е тој варијабилен дел и по него ќе може да се произнесе само оној што е надлежен, тоа не му припаѓа на Парламентот.. Ние можеме, како што направи грчката Влада ако не сме задоволни со политиката и активноста што ја води нашата Влада да гласаме за доверба на Владата. Тоа е на парламентот оружје, ништо друго. Според тоа да си работиме по Уставот.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Најпрво сакам да го прашам господинот Петковски дали тој во името на Владата сега одговара бидејќи претставникот на Владата нас ни вети дека ќе ни ги даде тие документи. Тој сега ни кажува нешто друго. Во чие име и со какво овластување тој тоа го зборува. Трагична станува ситуацијата. На секое потегнување за било каков документ прегледување нас ни се сугерира барајте оставка. Кој сака да ја дестабилизира ситуацијата и кој сака да го подели народот. За да раправаме ние мораме да добиеме документи. Задоволни ќе бидеме од името на целата група го кажувам тоа истото усно излагање на премиерот, бидејќи еднаш беше фотокопирано јас го добив горе на комисијата. Но, покрај тоа ги бараме документите и го молам уште еднаш господинот Жута да стане и да ни каже кога тие документи ќе ги добиеме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сакавте да ме изнервирате господин претседателе, па после да ми дадете збор, но јас не с,е нервирам. Се нервирам од првата седница, која е сега, незнам по ред. Иститe луѓе сте кои не сакавте да ја испеете. химната. Вие не сакат е држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро ама тоа нема врска со ова.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Со џамбази држава не се прави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли предлог.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Имам. Веднаш да продолжиме со дискусија и документите потпретседателе да се донесат тука. Доколку ги немате, предлагам Владата веднаш да даде оставка затоа што не лаже и да се земат на одговорност

сите оние кои ги посетуваат надвор, во светот државниците во Америка во Австрија, во Германија, кај биле и зошто биле, чии пари трошеле и зошто ги трошеле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро. Дај да видиме предлогот кој е.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:.**

Не е добро. За вас е добро затоа што џебот ви е полн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Иста ни е платата, да знаеш.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Иста ви е ама вие....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да,

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не, не, нема да слезам од тука. Доста ме слегувавте. Сега не слегувам. 100 дена ќе седам тука. 100 дена ќе седам тука дури не дојде претседателот да ми ги даде документите, што има направено. Не ќутете бе. Сакате ли народот да не исфрли од тука. Сакате ли? Не сакате, така? Ако не сакате целата Влада да дојде тука и да ни ги даде документите и да видиме до кај се дојдени. Ако не дојде, Владата треба да даде оставка. Владата не лаже. Таква Влада не ни е потребна.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, пратеници. Поради тоа што прв пат се прави. ваков прекршок на деловникот за работа на Собранието каде,,сакајќи да се извлече од замешаната каша, Владата предлага на пратениците да усвојат, да имаат право да дискутираат тие како пратеници во настанатата ситуација за признавањето на Република Македонија. Во тој однос ако го признаваме овој прекршок што не би

требало да биде, јас предлагам процедурално прашање.

Прво, да се произнесе претседателот на Републиката.

Второ, да се произнесат министрите кои се дополнително вметани во оваа каша да ја чистат. Да се произнесат сите тие, па после ние пратениците да водиме дебата во Парламентот, а не се заобиколено, прво ќе зборуваме ние, а на крајот ќе стане претседателот, вака беше, онака беше, ајде,со шлакање, одете си дома и сите работи се замачкуваат. Затоа велат старите и нашиот народ од главата рибата смрди. Ако ја мириснеш кај опашката веќе таа дотрајала, се засмрдела.

Исто така имам забелешка на претседателот на Собранието зошто пред малку рече седницата е свикана по барање на ВМРО. Точно ние поднесовме барање да свикате вонредна седница, меѓутоа вие не ја закажавте. На почетокот ја огласивте седницата да е свикана исклучиво по барање на Владата, а сега на овој продолжеток велите по барање ,на ВМРО. Значи многу се манипулира, се прави како децата што прават куќарчиња во песок, сега ќе ги направиме, сега ќе ги турнеме.

Исто така, ова што сакал да го кажам пак е процедурално?

Јас сметам дека Тито Петковски дискутира овде, а неговата дискусија не беше никаква,процедурална забелешка. Претседателот на пратениците од ВМРО им вели дека треба да се скратат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што имате да кажете, кажете процедурално.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Ако се дозволи расправа ќе се дозволи за сите, ако не за никого. Тоа да ви е јасно. Ќе станеме сите, ако дадете на некого да дискутира, а на нас ни го скратите правото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве ви дадов и вас збор.

Ве молам, само да се разјасниме.

Оваа седница е закажана како итна по бараше на Владата заради законите и одлуките кои ги бараше. Истовремено е закажана заради барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Според тоа кога читав и објаснував зошто ја свикав седницата кажав точно кој барал итна седница и за што барал итна седница.

Кога беа четворица пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кај мене и ми рекоа во име на групата бараат не да биде писмена информација и сите документи и незнам што, документи не спомнаа воопшто, туку бараа да се овозможи барем едно усмено информирање, јас тогаш им гарантирав ако не добиеме писмена информација тогаш точката на дневен ред ја ставам до 31, или до кога. Морам и инаку да закажам седница заради барањето на Владата да се закаже седница за овие закони. Ере така стојат работите. Нема никаква манипулација.

Второ, воопшто не е прекршен деловникот се што досега во текот на седницата се одвива, се одвива во рамките на деловникот. Моите интервенции се во рамките,на моите права по член 105 и 107 од Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инсинуациите што се прават, нормално во политичката борба се прават инсинуации, тоа има свои политички цели, меѓутоа од деловнички аспект вака стојат работите.

Понатаму, еве сега потсекретарот ме извести, бидејќи бев известуван дека документите се од доверлива природа не можев да барам да се делат документите на отворена седница бидејќи никој не барал затворена седница. Заради тоа пак го консултирав потсекретарот зошто ни беше велено дека с доверливи. Тој ми објасни, и може овде да објасни кои документи се доверливи, кој може да се дадат, кои не можат да се дадат.

Во пакетот има документи кои некои, не од Македонија овде треба да ги потпише тој човек не:им дал овластување да го делат тоа негово писмо. Мислам дека има;два такви документи. Тоа треба да го кажете. Смеете ли тоа да 'го поделите и кој документи точно имате право, да знаеме, да немаме после повторна расправа. Во тоа е работата, тоа е многу сложена постапка и таа мора да се води само во согласност со нашите прописи и со нашите обврски спрема партерите со кои работиме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Нема доверлив документ што може да го има извршен орган, а не може да го има член на парламентот. Оној што го бира извршниот орган не може да нема доверлив документ, а има документи кој што с за јавност и кој што не се за јавност, но тоа се регулира на друг начин, а не на овој на кој што се објаснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво ова е апсолутно неточно стојалиште. По Уставот изворни надлежности имаат извршните органи и во рамките на нивните надлежности тие имаат право на доверливост и т.н. Собранието може со посебна одлука и работа на анкетна комисија или друг начин да обезбеди такви документи, но во одредена постапка. Но, апсолутно не е точно дека секој доверлив документ е достапен и на секој пратеник. Тоа не е така ни во една земја, ни овде. Има постапка во која може. да биде достапен. Ве молам, само да објасните кои документи, да знаеме, после да не излезе нешто не дале. Мора точно да се знае.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Прво, не е точно, претседателе, Вам Ви се обраќам дека нема земји во кој што Собранието нема право да знае се што знае Извршната власт имаше такви земји, тоа беа земјите во кој што владееше самоуправниот и делегатскиот принцип. Инаку, во земјите со парламентарна демократија каде што има јасно разграничување на овластувањата, ингеренциите помеѓу трите носители на власта, а тоа е Законодавната, Судската, Извршната и каде што секоја од овие носители на власта има свои изворни ингеренции кои што произлегуваат од Уставот, не е можно тоа . И тука се согласувам.

Инаку, мора да се напомене беше и во неколку,наврати досе1 речено дека се уште трае преговарачкиот процес, се уште се можни и тоа имаме прилика и да слушнеме и од средствата за информирање, а јас денеска во воведниот збор, во експозето кажав дека се уште има напори и обиди за измена на некои. од тие документи кои што треба да бидат дефинитивно поставени и усвоени од страна на Советот за безбедност. Првиот 'хендикеп за поделба на документите  е тој.

Вториот, е она што Вие го напоменавте дека на Советот за безбедност ќе биде разгледувана текст на Резолуцијата и за тој дел мислам дека не е проблематично, ние ќе го доставиме. Изјавата на Владата во однос на текстот на Резолуцијата , тоа вчера ние и го соопштивме низ форма на соопштение, ќе видите без никакви проблеми ќе ви го доставиме вас истиот текст, тоа е истиот текст значи она што се спомнуваше како писмо на Владата на Република Македонија до Советот на безбедност исто така ќе го презентираме. Ќе видиме што е можно од другата документација што ние имаме ќе оцениме, да ви биде доставено, инаку редот би бил можеби прво да оди на Собраниската комисија за надворешни работи, па доколку таа процени итн. да оди на пленарна седница. Меѓутоа, една работа генерално треба да се разбере, ќе има документи, имало колку што досега можеле да бидат презентирани пред парламентот и има документи кои што не можат да бидат презентирани, и тука нема што понатаму. Парламентот може да има доверба во Владата или може да не и верува на Владата и да го покрене прашањето за нејзината доверба."Потполн, стопотстотен увид во работата на секое министерство на Владата не е можен. Не може ние да имаме 120 министри за надворешни работи. И секој овде во оваа сала да знае за секој контакт што министерот за надворешни работи го имал, се што тој имал прилика да чуе, да му биде достапно на секого овде, секое писмо документ, писмена или усмена информација да биде достапна • на сите, ниту тоа негде во некоја држава постои.

И, затоа може да се има доверба во Извршната власт, во Владата и да се нема. Што се однесува до Владата ние сме подготвени и спремни и на оваа седница да се донесе одлука да се гласа за доверба на Владата. Доколку Собранието оцени за тоа.

На тој начин да се види дали оваа Влада ужива доверба за она што досега го има направено и дали има кредибилитет да продолжи со преговарачките процеси кои што исто така допрва следат.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, имам една процедурална забелешка, и мислам дека она што го кажа господинот Гошев е сосема точно, и новиот Устав на Република Македонија што го донесе ова Собрание не е самоуправен социјалистички Устав, туку е Устав на една независна суверена држава која што тежнее да создава едно граѓанско општество како што пишува и во Уставот.

Во членот 68 покрај другите ингеренции на Собранието тоа донесува закони и дава автентично толкување на законите. Меѓу другото ратификува меѓународни договори, одлучува за војна и мир и најпосле Собранието е тоа што ја избира оваа Влада, точно е; тоа, меѓутоа ова Собрание е исто тоа кое врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Ако Собранието го избира и министерот за надворешни работи сигурно сите пратеници овде 120 колку што има ова Собрание исто така имаат право да побараат од тој министер и одговорност односно и некој документи што министерот ги і добивал или не ги добивал и т.н. што се водени во текот на тие меѓународни преговори има право секој пратеник на ова Собрание да ги знае. Затоа како ќе одлучува ако треба утре ова Собрание тие меѓународни договори да ги ратификува, а само ратификувањето му е дозволено на ова Собрание. Според тоа не држи дека е овој наш Устав Социјалистички, Самоуправен Устав, туку еден Устав граѓански по својата локација и национален по својата преамбула.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, тука е наполна јасна состојбата и не треба ние да водиме полемика, тоа е разрешено. Политичка контрола значи доверба. Тоа е политичка контрола. Инаку морам да ви кажам ако се прочуе дека со министерот за надворешни работи треба да знае секој пратеник, не знам дали^ние ќе најдеме земја која со нашиот министер ќе разговара.

Треба малку да се размисли, тоа се меѓународни односи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам дека господинот Гошев малку избрза затоа што ако кога би било така дека пратеникот може да располага со сите документи тајни, строго доверливи, тогаш еве уште денеска јас на пример би побарал вака, од Министерството за внатрешни работи да побарам се што има документи, како пратеник. Од Министерството за одбрана исто така, бидејќи се тука и господинот Владо Поповски и господинот Фрчковски но сум сигурен ако и ако сум пратеник дека не може да ми достават документи од тие министерства. Тоа значи дека во Владата имаме Министерство и за одбрана, Министерство и за внатрешни работи, а имаме и Министерство за надворешни работи. Јас мислам дека треба да знаеме дека во Владата има^такви документи кои не можат да бидат достапни. Меѓутоа писма, документи кои цени Владата односно Министерството за внатрешни работи дека можат да ни бидат достапни јас мислам дека може да ги имаме. Јас , само за пример ќе го кажам ова. Да речеме овде се спомна писмото од Америка, од САД. Тоа писмо може да се добие и ако премиерот на Владата во своето експозе дел од писмото мислам дека ни презентираше.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас повеќе се плашам од тие што ќе задоцнат, не од тие што ќе избрзаат. Меѓутоа, работиве навистина се вулгаризираат. Мене лично воопшто не ми е потребно да ја прочитам или да ја следам преписката на министерот за надворешни работи и личните разговори и тајни разговори"- итн., мене ме интересира документ што усвои оваа Влада на Република Македонија и што треба да каже ова Собрание во врска со некои од тие документи и одлуки и не може никој тоа право да ни го ускрати.

Исто така нека ми каже некој од познавачите на Уставот на Република Македонија,каде го пишува тоа дека пратеник не може да има увид во документација која што е од интерес за Република Македонија, за работите во Република Македонија, да ми прочита некоја таква одредба од Уставот на Република Македонија. Се разбира, има постапка, начин за ракување со тајни документи и секој мора да се лридржува кон тоа и не може да оди ништо од тоа што не треба да оди за јавност, тоа е јасна работа. Меѓутоа, ако Парламентот констатира некои состојби и во Министерството за внатрешни работи, а одлучи да формира комисија да ги испита тие работи, тоа министерство ќе биде должно да му стави на увид на таа комисија на парламентот што треба да биде од тајност. Затоа мислам дека работиве не треба да ги шириме, а нас не не интереса она што овде сака да се покаже дека не интересира. Едноставно јас не сакам да читам се. Сакам да прочитам она за кое што сум јас задолжен да го кажам своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, според тоа, ми е драго што господинот Гошев се согласи со мене. Тука ќе дојде, Ве молам, овде може да се добие само тоа што Владата проценува дека за нејзината одговорност е потребно да го или пак

Собранието на одреден начин, во одредена постапка ќе покрене постапка да оствари увид во одредени документи. Така господине Рамадани, можат и генерал штабните документи да се согледаат ама ќе се одбере тело токму тоа го објаснувам. Ама, автоматизмот за кој зборуваше господинот Гошев нема во Владата да се знае што ние не знаеме, тоа не може. Ете така.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, излегов на говорница со молба до претседателот на Собранието, почитувајќи го крајно коректно деловникот да врши напори да не заштеди од понатамошни малтретирања во ова Собрание. Мислам дека од седница на седница се потврдува тоа што тука го подвлекувам дека претседателот почитувајќи ги демократските процеси сепак е склон повеќе простор и тоа непотребно да и дава на опозицијата.

На дневен ред господо пратеници е информацијата на Владата на Република Македонија која пред нас изнесена во вид на експозе од страна на премиерот, господин Црвенковски. Во толкувањето на претседателот на Собранието на кој ако почитуваме ред, етика, професионалност државност, устав, законитост треба да имаме доверба во моментот кога ќе видиме дека така не се постапува е по барање на пратеничката група која има славна кратенка. Сите ние други се согласуваме да излеземе во пресрет на тоа барање, а тука следи двочасовно малтретирање, не сакајќи да се оди веднаш на конкретна расправа по тоа што е барано. Мене не ми е јасно воопшто, апсолутно не ми е јасно зошто претседателот дозволува скоро два саата ние тука да се задржиме, ако се прашањата процедурални, а точка на дневен ред е утврдена, експозето е слушано, кажано што е кажано, се отвора расправа.

Кој што има за расправа треба да повели. Сите додатни барања почитувани пратеници можат да се изнесат, нормално бараше, без нервоза без напнатост, без било какви инсинуации, а ние од ништо правиме тука неиздржливо напната атмосфера и правиме некој натпревар со тие воденици кои таму работеле на ветар пред две години.

Предлогот почитуван претседателе го кажав на почетокот, да ми обезбедите начин да не бидам малтретиран во текот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, од овие изгубени два часа малку се изгубени и од интервенцијата на господинот Ештреф Алиу. Ве молам, сите треба, не можам да фрлам вина на себе или само на вас, еве во што е работата. Треба да внимаваме, да се организираме да не остане впечаток ќај никого дека на некого некое право му е ускратено. Никој таква намера ниту има ниту нешто такво е направено. Меѓутоа, ако сега се проценува накнадно дека не е згодна оваа расправа, нема да биде згодна, па затоа сака да се направи драма, тоа е друга работа.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, незнам колку е парламентарно да се бара заштита од опозиција. Веројатно и опозицијата има некоја улога во овој парламент. Меѓутоа да се вратиме на претхетново прашање. Сметам дека на денешнава седница се чини една свесна манипулација од високото државно раководство со тоа што едно важно суштествено прашање се чини напори исто тоа бегло да помине низ расправата на овој парламент. Сметам дека сосема несериозно е поставен проблемот пред ова парламент со тоа што е понудена една усмена информација во вид на експозе од причина колку што можев да согледам работите одат на тоа да добијат друг

правец во смисла на тоа што од она што досега може да се заклучи, сумира, во однос на водењето на дипломатијата, а тоа е дека Грција сосема јавно ја води својата дипломатија искажана низ европскиот парламент и светските институции, додека нашата дипломатија, како што велам., сосема тајно ја води својата дипломатија односно се бара . . .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е веќе материјално прашање, во расправата ќе го кажете. Дајте што имате нешто околу тоа како да ја организираме расправата.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Токму на тоа одам дека за оваа седница, за овој парламент требаше да биде доставен писмен материјал и тоа од Владата, а не прашањето на тој начин да се симболизира, да заврши со едно експозе или една информација и незнам какви се уште,заклучоци односно ако сакате господине претседателе, мое лично мислење дека оваа тајна диплома само дава овластувања на највисоките претставници на државната власт во однос на манипулација со името на Републиката, односно на Република Македонија, државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ќе си го кажете во расправата за тоа.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Затоа јас токму барам и смерници и материјали во однос на ова прашање да биде понуден пред пратениците материјал по кој ќе можеме да дискутираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега е нов предлог, писмена информација, пак материјал. Каков материјал? Предлагачите бараа усмена информација. Прво бараа писмена информација, па бараа усмена информација. Договорете се што ќе расправаме овде.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Само да дообјаснам. Нас ни е потребен оној материјал кој е понуден пред светските организации што Владата формално и начелно го нуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Премиерот ви објасни што може да даде,ја што не може да даде.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ**:

Јас мислам дека барањата од госпоѓата Ратка Димитрова и до Гошев се сосема во ред. Само не ми е јасно после излагањето на потпретседателот на Владата што употреби зборови "тајни документи", или "доверливи документи". 'Ние знаеме дека овој Парламент е составен од коалиција, имаме и коалициона Влада. Каков таен документ ќе биде тој за сите нас 120 пратеници кога две партии од оваа коалициона Влада две години бараат низ Европа и низ светот Македонија да не биде признаена и да не биде зачленета, И не може да се зборува за тајни и доверливи документи.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

(Реакција од место)

Прашањето веќе изгуби од актуелноста.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само сакам по повод процедуралните интервенции што се случија на оваа говорница овде во претходниот непосреден период да кажам дека има своја смисла само во однос на расправата при утврдување на дневниот ред, нивната содржина. И мислам дека само така деловнички можеме да работиме. И ако се утврди дневниот ред, точката на дневниот ред на начин на кој ни беше познато и претходно и ова Собрание се согласи со таквиот дневен ред треба да помине на понатамошна работа. Мислам дека треба да бидеме сериозни во пристапот на работата и секаква деструкција, излегување од работата на овој Парламент вон Деловникот во секој случај ова Претседателство треба да го санкционира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема веќе интервенции.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дозволете ми и јас исто би сакал да дадам еден процедурален предлог. Повеќе сум поттикнат од повеќето иницијативи што овде дојдоа по почетокот на оваа^денешна расправа. Не случајно Владата денеска излезе со Информација за разговорите и преговорите за прием во ОН од една страна, не случајно грчката страна која беше во обврска денеска да го достави своето писмено мислење, не го достави.

Предлогот ми е конкретен. Мислам дека функцијата на денешната седница ја оствари со тоа што Владата си поднесе целосна информација за досегашниот тек на преговорите и активностите. Предлагам Владата согласно изјавата на претседателот во текот на утрешниот ден да ги подели овие документи за кои претседателот се определи а расправата да ја

прекинеме по оваа проблематика и расправата да ја водиме откако грчката страна ќе го достави писмено своето мислење во Советот за безбедност. Имам впечаток дека одлагањето на писмената достава од грчката страна пред се е направено заради седницата која што денес ние ја држиме. Мислам дека во една фаза кога сме во преговарачка фаза сулуда работа е другата страна да ги разголува до крај своите аргументи и факти кога треба да се избори за соодветен став во преговорите во Советот за безбедност. Според тоа, сите пратеници имаат право да добијат целосна информација, имаат право во постапка и во режим кој што Владата ќе го утврди да ги добијат сите материјали и документи кои што ни се потребни, а сметам, лично проценувам дека позициите на Македонија ќе бидат доста разнишани ако ние отвориме расправа пред грчката страна да го достави писмено своето мислење по Декларацијата што е поднесена до Советот за безбедност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние се одлучивме тоа го ставивме на дневен ред. .

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, господинот Стојан Андов пред малку ме потсети да станам и да кажам неколку збора од оваа говорница дека во овој момент на пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ им е ускратено правото со тоа што е и ограничена дискусијата на еден пратени во текот на расправата. Ако се работи за поднесување на барање од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се расправа за Информацијата што ја изнесе претседателот на Владата а исто така и од двете пратенички Димитрова и Лазаревска, во тој случај беше потребно вие како претседател да дозволевте без никакво ограничување да има во текот на дискусијата.

Ако грчкиот Парламент дискутираше за оваа проблематика за македонското прашање повеќе од 20 часа, можеби дискутираа над 135 пратеници. Вие сакате на тие 35, односно 40 пратеници да им ја ускратите можноста и по двапати да се јавуваат за дискусија. Вие еднаш порано во дискусијата ваша изнесовте дека илузорно е овде да излегуваме на оваа говорница со подготвени документи, реферати, туку нашите дискусии треба да ги изнесуваме од сознанието тука што ќе го стекнеме како и конфронтации што би требало да се јават меѓу една и друга пратеничка група. Значи со ова вие и точно можам да речам дека правото и по втор и по трет пат да се јавам во врска со оваа Информација мене како на пратеник а и на мојата пратеничка група ни е одземено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е ускратено на сите пратенички групи, не само на вашата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам само да се осврнам на предлогот кој што беше процедурално поставен. Ми се чини малку се оддалечивме непотребно заради тоа што и потпретседателот на Владата и претседателот на Владата дадоа согласност за оние документи кои што се бараше да се постави процедуралното прашање и лично сметам дека тие треба да ни се обезбедат во текот на расправата, а тоа е онаа верзија на Нацрт-резолуцијата на која дала согласност Владата, па и според вчерашната изјава спрема средствата за јавно информирање за да можат пратениците да бидат ставени во активна позиција, не во пасивна во однос на тоа да! расправаат за нешто, а да не знаат во експозето што го поднесе претседателот на Владата каков текст, или верзија на таа Нацрт-

резолуција коментираше во неговото излагање. И бидејќи од неколку пратеници беше кажано дека експозето на претседателот има третман на информација по однос на точката што е на дневен ред. Ние сме имале можности и во други прилики кога и претседателот на државата давал усни експозеа, немаше никаков проблем да бидат симнати стенографските белешки и да бидат поделени во вид на информација до пратениците. И затоа сметам дека тие два документа не е проблем да бидат обезбедени, а расправата нормално да продолжи. Меѓутоа, ја користам можноста да поставам само неколку процедурални прашања кои можеби ќе ни помогнат во текот на расправат Дали се претпоставуваше дека Советот за безбедност ќе одлучуваше денес сабајле како што бевме информирани според добро информирани извори, па оваа расправа во Парламентот која евентуално би се отворила да изгледаше екс пост, односно да се запознаваме отпосле одлука на Светот за безбедност. И воопшто да ми се одговори и од претседателот на Собранието на Владата каква ќе биде функцијата на расправата спрема надлежностите на Владата за давање согласност на евентуално нова верзија на Нацрт- резолуција, или според досегашната позиција што ја зазела во однос на Нацрт- резолуцијата што е во процедура во Советот за безбедност. Ова го образложувам со следното. Ние на 55-та седница усвоивме една информација во заклучоците од Собранието за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН и во последниот став на таа информација што е усвоена со одредено мнозинство во Парламентот се вели цитирам: "Се очекува Република Македонија официјално да биде запознаена со инцијативата на трите земји на Европската заедница. Според излагањето на претседателот на Владата на оваа седница децидно го информира Собранието дека за прифаќање на било каков став во Советот за безбедност се бара согласност од Советот за безбедност, од Македонија и од Грција, а и според излагањето на сега веќе

екс министерот за односи со странство господинот Денко Малески дека од Советот стигнало уверување дека ќе се постапува на тој начин што без претходно Македонија да се запознае со предлогот кој се разгледува и без таа да даде свое мислење и аргументација Советот за безбедност нема да постапува по однос на пријавата за членство на Македонија во ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, барем мене не ми било познато кога закажував седница кога ќе има седница Советот за безбедност. Тоа е прво. Второ каква функција ќе има расправата тоа ќе произлезе од расправата.

Можеме ли да минеме на расправа?

Господинот Богдан Неделковски има деловничка интервенција ж

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Јас се плашам со овие докази, или документи што треба да ги добиеме сега Владата по се изгледа таа таму ве,ќе ги чука тие документи, или им го менува текстот на содржината што биле испратени од нашето државно раководство до ОН за прием .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е ваше мислење.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Бидејќи Владата еден документ фалсификуваше во однос на тие 22 милиони долари бод Сорос кога дојдоа , па ни беше даден фалсификуван документ. Тајноста на овие документи што ни ги нуди Владата е во тоа, во потписите, бидејќи целата македонска јавност знае дека името провизорно ни е дадено и променето во бивша југословенска Македонија. Но, тајно е тоа кој го потпишал такви документи кој Македонец можел тоа да го

направи? Јас сакам такви документи со архивски печат, датум кога е испратен, кога е примен?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој бара збор?

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам една интервенција мала на еден предлог од наш пратеник Трајан" Мицевски беше предложено спрема укажаната потреба од страна на премиерот Бранко Црвенковски цитирам:"покрај претседателот на Владата да можат да учествуваат и другите членови на Владата со што ќе се придонесе за поквалитетна расправа и за донесување на соодветни заклучоци". Тоа е од материјалот што го добивме од страна на претседателот на Владата. Но, спрема интервенциите на претседателот на Владата Бранко Црвенковски нас не предупреди овде и те како дека 120 пратеници не можат да бидат министри за надворешни работи. Јас сега се прашувам, дали 20 министри можат да бидат сега министри за надворешни работи? Според укажувањето овде, ве молам јас ги гледам министрите тука поквалитетно излагање од присутните министри не ги гледам тука што можат да поднесат квалитетно излагање. Најквалитетниот министер моментално што може да ни поднесе извештај за работата околу надворешната политика е отсутен салва. Сега бидејќи не се согласува со ставот на мојот пратеник тоа што го предложи да настапат прво министрите. Сакам образложение да ми даде самиот премиер околу ставот на овој материјал што ни го доставивте овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата веројатно задолжила свои членови кои во отсуство на министерот и од кои аспекти од проблематиката овде ќе објаснуваа

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Станав затоа што ме прозвавте. Инаку не гледам смисол да одговорам на ова последново. Никој не мислеше дека членовите на Владата ќе^настапуваат овде, ако настапуваат, едноставно да се отвори можноста и членовите на Владата како и сите овде други присутни да имаат можност да го искажат својот став доколку почувствуваат во текот на расправата. Инаку никој не мислеше дека тие ќе настапуваат во својство на министер за надворешни работи. Меѓутоа она што беше во неколку процедурални забелешки кажано уште еднаш да го потенцирам затоа што мислам дека е апсолутно непотребно и понатаму да се задржуваме околу таа работа. Ми се чини и господинот Петров го спомена тоа и некој од претходните дискутанти. Текстот на Нацрт- резолуцијата која што беше предмет на опсервација на Влада и по која што Владата зазеде став, тој текст ќе биде доставен во текот на расправата и ставот на Владата. Значи изјавата на Владата по тој текст. Ние го задржавме своето право бидејќи ова е процес што сеуште трае доколку дојде до измена во овој документ во Резолуцијата дека и ние оставаме резерва да го промениме својот став. Не можеме поинаку така што ние тоа ќе го доставиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде беше процедурално барано и претседателот на Републиката прв да настапи овде. /Ве потсетувам дека во склад со Уставот претседател на Републиката сам оценува дали и кога ќе му се обрати на Собранието.

Дали некој бара збор?

Господинот Јордан Бошков има процедурална забелешка.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Мене ми е жал што едноставно ќе морам да го изнесам својот приод што го имав и на седницата на Комисијата. Инаку сакам да укажам на тоа дека Извештајот сеуште не е поделен и мислам дека за да се отвори расправа би било пожелно заради запазување на достоинството на Комисијата прво да го видиме извештајот кој е од нејзината седница. Инаку излегов тука да го изнесам мојот приод за следново. Имаме поделба на власта да не напоменувам во каква се. Имаме во државното уредување поделба на власта, да не кажувам сега законодавна, извршна, судска итн. Според тоа начело во работата на Законодавното тело Владата учествува согласно на оние демократски традиции што си ги има во развиениот свет, во развиените демократии, Владата учествува на повик тоа е едно, и притоа се пази на нејзиното достоинство. Јас сметам дека Владата бидејќи е повикана од/Собранието да учествува, добро е што е тука присутна. Но, за |мене не е во ред за конкретна точка на дневен ред да настапуваат повеќе лица од Владата. Посебно во присуство на претседател на Влада, или премиер зависно до тоа како се нарекува не е добро и други да добиваат збор. Во таа насока сакав само да кажам дека оној приод што тука се негува било кој член од Владата што ќе побара збор било1кога во расправата и да го добие зборот дека тоа тие е во ред и се заложувам за тоа во текот на расправата Владата да има еден претставник тука, а не комплетниот состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е исклучива одредба и не можеме така да заклучиме.

Но, ве молам јас морам да ве потсетам на еден начелен заклучок и став на Собранието да работи некаде до 17,00 часот или 15-тина минути повеќе.

Ве молам, дали да продолжиме сега со работа?

Прво, отворам расправа по Информацијата по точката 5.

Молам, ако продолжиме да видиме дали ќе се јави некој за збор.

Дали продолжуваме или прекинуваме со работа?

Има збор господинот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСЌИ:**

Видете., на Собранието е да одлучи како ќе продолжи со работи дали со расправа по оваа точка или ќе прекине во овој момент, па ќе продолжи утре. Меѓутоа, должен сум да ве информирам една од причините за барањето на Владата за свикување на итна седница беа првите четири точки од дневниот ред во кој се работи за закони и одлуки кои се врзани to временски термин, а тоа е до 31 март, а тоа е денеска. Се работи за Одлуката за времено финансирање и доколку таа работа не ја донесеме денеска веќе од утре доаѓаме во една ситуација на правен вакум и неможност да се одвива финансирањето.

Затоа би сугерирал, а бидејќи е очигледно дека расправат по оваа точка ќе потрае, бидејќи само деловничките забелешки треба два часа па сосема јасно може да се заклучи дека и расправата ќе трае доста долго.

Би ве замолил доколку се одлучите да ја прекинете расправата и работата сега во 17,00 часот по оваа точка, за кратко време да останеме да ги донесеме овие одлуки и закони за да не дојдеме во незавидна ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласуваме со оваа замолница?

Молам, кој е за, да крене рака? (76)

Дали е некој против? (14).

Дали некој се воздржува од гласање? (4).

Ја прекинуваме расправата по оваа точка, бидејќи Собранието така одлучи по точката 5.

Да ја слушнеме госпоѓа Димитрова процедурално.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Остана нејасно дали најсуштинската расправа која ја има Собранието денеска ќе биде продолжена по овие точки? Мора тоа да го договориме. Вие ги имате гласовите, нема ние да реагираме, ќе ги направиме овие точки кои се итни, но мислам дека ќе биде трагедија за едно Собрание минутите, моментите што може да ги искористи да влијае на решенијата за суштинските работи од својата судбина да не ги искористи.

Барам да ја продолжиме расправата по овие три точки и да не го прекинуваме Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш ќе предложите, ве молам. Тогаш пак ќе го консултирам Собранието дали ќе продолжиме.'Само Собранието одлучува за тие работи, а не може еден пратеник.

Минуваме на **првата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за изменување на Законот за јавното обвинителство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман на член 1 за издвојување на ставот 2 во посебен член 1-а.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандман на член 2 и Законодавно- правната комисија поднесе амандман на член 2 со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на членот 1 за издвојување на ставот 2 во посебен Член 1-а, поднесен од Законодавно- правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ги прифаќаме двата аѓ1андмани нека станат составен дел на текстот, бидејќи се од техничка природа и во суштина не менуваат ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се однесува и за вториот амандман. Според тоа не водиме претрес по амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за јавното обвинителство.

Минуваме на **втората точка** од дневниот ред - Предлог на закон за ограничување на приходите за финансирање на општите општествени и заеднички потреби во 1993 година.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и на Законодавно-правната комисија Ви се поделени.'.

Отворам општ претрес

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници. Со, оглед на тоа што овој закон се предлага продолжување на буџетската година за уште 3 месеци, ме интересира пред гласањето на овој закон, Владата да даде свое мислење односно да каже кога има намера да го достави Нацртот на Републичкиот буџет и воопшто буџетот" во собраниска процедура, бидејќи, за мене, навистина е несфатливо буџетската година во Република Македонија да почне од 1 јули 1993 година со тоа што 55% од средствата би се потрошиле во првото

петтомесечие односно максимум, а понатаму Собранието би било во можност да одлучува само за 45% од средствата. Размакот е навистина добро направен, меѓутоа распределбата по функција не би била онака како што Собранието би одлучило, туку би било по она што Владата ќе одлучи. Со оглед на тоа што Буџетот не е така без значајно прашање, барам претставник на Владата да го одговори тоа на денешнава седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ :**

Можам кратко да одговорам дека Нацртот на буџетот Владата го има утврдено и за 3 4 дена ќе биде во постапка пред Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара  збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по;текстот на Предлогот на законот.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман .на член 7 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на приходите за финансирање на општите општествени и заеднички потреби во 1993 година.

Минуваме на **третата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно- правната комисија и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени односно поделени. .

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на насловот, на членот 1 во воведната реченица на ставот 2 и на членот 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 1 став 1 кој ви е поделен, а Владата не зазела став, не се произнела

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се прифаќа предлогот, не менува во суштина ништо во законот и станува составен дел на текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи немаме амандман, немаме претрес по амандманот.

Молам, продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70).

Дали е некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби.

Минуваме на **четвртата точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи. никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 2.и Комисија,та за финансирање за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 со иста содржина со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој, е составен дел на Предлогот на одлуката.

Законодавно– правната комисија поднесе амандмани на преамбулата, на членот 3 и за додавање текст на член 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (73).

Дали е некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година.

Минуваме на точката 5.

Дали ќе продолжиме со расправа по Информацијата? (Не).

Тогаш продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата на Собранието прекина со работа во 17,25 часот) .